

CHALLENGER

# ИНСТРУКЦИИ ЗА ANDROID ОПЕРАТИВЕН СИСТЕМ

# ТРИГЛАВ ЗЕЛЕНА ЛИГА

Сите зборуваат дека поминуваат часови заглавени во сообраќајниот метеж. Зборуваат за загадениот воздух и дека треба конечно да направат нешто за своето здравје. Ние одлучивме да преземеме конкретни чекори. За нас, и за нашите партнери.
Триглав Зелената Лига во својот концепт го вградува одржливиот развој и ја наградува грижата за нашето здравје и за животната средина. Таа е симбол на грижата за сегашните и за идните генерации.

Целта на Триглав Зелена Лига е вработените во компаниите, кои што се дел од лигата, да се приклучат на предизвикот и да поминуваат зелени километри, заменувајќи го својот автомобил со пешачење или возење велосипед. Со тоа заштедуваат CO2 емисии во воздухот.

Целта на натпреварувањето е заедно да заштедиме 365 тони CO2 емисии во рок на 12 месеци.

Предизвикот ќе се следи на две нивоа – прво ниво, помеѓу компаниите и второ ниво, помеѓу вработените во компаниите.

На страната www.triglav.mk ќе можете да видите каде се наоѓа Вашата компанија во споредба со останатите компании во лигата.
Дополнително секоја компанија ќе добие затворена ранг листа во самата мобилна апликација, каде што ќе може да се следи прогресот на учесниците.

Триглав Осигурување ќе ги наградува најдобрите учесници во компаниите на месечно ниво. Затоа ве охрабруваме да заштедувате што е можно повеќе CO2 емисии во воздухот, а со тоа и да придонесете Вашата компанија да биде помеѓу најдобрите во Триглав Зелената лига.
Очекувајте многу интересни награди и предизвиции.
Да заштедиме заедно 365 тони CO2 емисии во воздухот.

**ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ** **CHALLENGER**

# ГЕНЕРАЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Апликацијата Challenger ве наградува за возење велосипед, пешачење или трчање. Со Challenger добивате поени  и допринесувате Вашата компанија да биде една од првите во намалувањето на влијанието на CO2 во нашата држава.

Важно е да се напомене дека Challenger не е апликација за мерење километри, односно не го користиме Вашиот GPS за мерење на километрите, кои ги имате испешачено или извозено со велосипед. Challenger ги добива информациите од веќе постоечки и специјализирани апликации, како Google Fit, Apple Health и Strava.

,Додека пешачите, само треба да го имате вашиот мобилен телефон со вас. За да ги ажурирате вашите километри, сè што треба да направите е да ја отворите апликацијата Challenger, која што автоматски ќе ги прикаже вашите направени километри (мерени од вашиот Google Fit / Apple Health backend сервис), или вашите остварени километри од возење велосипед преку STRAVA. Потребни се неколку минути  за да се ажурираат вашите километри, затоа бидете трпеливи. Податоците се синхронизираат во неколку интервали, па прв пат можеби ќе видите само дел од вашите километри, по неколку секунди ќе се прикажат останататите.
Ако возите велосипед, треба да ја вклучите апликацијата STRAVA и да започнете активност, односно "Ride" (за повеќе информации за интеграцијата со STRAVA, ќе прочитате на страна 10)





# РЕГИСТРАЦИЈА

За учевство во Триглав Зелената лига потребно е да ја имате мобилната апликација Challenger, која што ги брои Вашите поминати зелени километри, поминати пешки или пак на велосипед.
Откако ќе ја преземете апликацијата Challenger, ќе треба да креирате профил со вашиот работен е-маил.
Пример: olga@challenger.mk.

- Креирајте нов профил




**Чести грешки:**

Ве молиме внимавајте на полињата што се подвлечени со црвено - иако вашата е-пошта изгледа точна, проверете за било какви празни места или несовпаѓање помеѓу двата дадени е-маилови. Исто така, вашата лозинка треба да биде со должина од 8 знаци. Ако имате проблем со верификацијата на вашиот профил, слободно контактирајте нè, за да ви го верификуваме.



# ПЕРМИСИИ-ANDOROID

За да може Challenger да има пристап до потребните податоци, како бројот на испешачени километри од апликациите што ги спомнавме, при најавувањето ќе треба да одобрите некои премисии. Ако не ги одобрите, Challenger нема да функционира правилно.
**За Andorid следниве пермисии треба да ги одобрите:**







Важно: По овој чекор - ќе треба да ја изберете е-поштата со која сте најавени на вашиот Google Play профил.



# ПЕРМИСИИ-ANDOROID

За да проверите дека сите пермисии се одобрени, одите во Settings на вашиот телефон, одете во аппликации и ја наоѓате Challenger - кликате на Permissions и гледате дали сите пермисии се одобрени.







Уште една проверка можете да направите преку апликацијата Google Fit, односно да проверете дали е правилно поврзана со апликацијата Challenger. Ова може да го направите во Google Fit app - Settings - Manage Connected apps.






# GOOGLE FIT - ПРОБЛЕМИ

## Зошто Challenger не ги мери моите километри?

Challenger сам по себе не ги мери километрите - Challenger ги прикажува податоците што се собираат од Google Fit. Можете да се обидете да го решите овој проблем со следење на овие чекори:

1. Проверете ги одобрените пермисии (Страна 4).
2. Дали го селектиравте вашиот Play Store профил кога го инсталиравте Challenger? Само тој профил ќе ни дозволи да ги преземеме Вашите информации од Google Fit
3. Обидете се да го реинсталирате Challenger (не заборавајте да го одберете вашиот Play Store профил).

## Некои од моите километри ми недостасуваат?

1. Ако некоја друга апликација прикажува повеќе километри отколку Google Fit, тоа не се километри што Ви недостасуваат според нашата апликација. Challenger ги собира податоците **само од Google Fit**, а не од други слични апликации. Можете да се обидете да најдете начин да го поправите Google Fit и да видите зошто не Ви ги мери километрите.
2. Обидете се со реинсталација на апликацијата Challenger (не заборавајте да го одберете вашиот Play Store профил).

Ако овие чекори не ви помогнаа да го решите проблемот, ве молиме контактирајте нè на support@challenger.mk за помош.

# МЕРЕЊЕ НА АКТИВНОСТИ

МЕРЕЊЕ НА АКТИВНОСТ - Испешачени Километри

<u>Android Уреди:</u>

- Мерењето на активностите се извршува во позадина преку Google Fit услугите. Апликацијата Google Fit не мора да биде инсталирана на вашиот уред.

<u>i</u>

МЕРЕЊЕ НА АКТИВНОСТ - Извозени километри на велосипед

<u>Исто важи и за уредите на Android:</u>

За мерење на активности со велосипед, треба да го поврзете Challenger со Strava. тоа го правите преку копчето "Connect with Strava" што се наоѓа на вашата почетна страница во Challenger.






# МЕРЕЊЕ НА АКТИВНОСТИ

Откако ќе го поврзете Вашиот профил со Strava, на Вашиот профил, повеќе нема да се прикажува црвеното копче и треба да прикажува 0 км.

- За секое возење со велосипед, започнете активност за возење во Strava, а откако ќе завршите со возењето, зачувајте ја активноста како јавна активност - споделена со сите.







ЗА ДА ПРОВЕРИТЕ ДЕКА ПОВРЗУВАЊЕТО СО STRAVA БИЛО УСПЕШНО, ОДЕТЕ НА СЛЕДНИОТ ВЕБ-САЈТ (КОРИСТЕЈЌИ ВЕБ-ПРЕЛИСТУВАЧ): HTTPS://WWW.STRAVA.COM/SETTINGS/APPS И ПРОВЕРЕТЕ ДАЛИ CHALLENGER СЕ ПРИКАЖУВА ВО СЕКЦИЈАТА "MY APPS".

# ПАМЕТНИ ЧАСОВНИЦИ

Апликацијата Challenger презема километри од фитнес апликации на телефонот (Google Fit за Android и Apple Health за iOS), додека километрите од возење со велосипед се преземаат од Strava (активноста треба да биде "Ride" и јавно споделена).
Во случај на користење на паметен часовник, сите апликации треба да бидат поврзани меѓусебно - за да ги пренесат измерените активности (пешање или возење со велосипед) од паметниот часовник.

За Android, поврзувањето треба да биде на следниот начин:

- Google Fit со Challenger (ова се прави со најавување во Challenger)
- Strava со Challenger (ова се прави со најавување во Challenger)
- Паметниот часовник со Google Fit
- Strava со паметниот часовник

Ова значи дека доколку има податоци внесени во Google Fit / Apple Health (преку паметниот часовник) и Strava (преку паметниот часовник), Challenger успешно ќе ги преземе.



# HOME TAB

На главната страна во Challenger можете да ги следите Вашите статистики и постигнувања како: вкупно изминати километри со велосипед, вкупно изминати километри пешки, зачувани CO2 емисии и собрани поени.

Собирате поени на следниот начин:

- 1 километар изминат со велосипед = 1 поен
- 1 километар пешки = 5 поени



# ИНФО ЗА ДРУГИ СТРАНИ

## РАНГ ЛИСТА

На ранг листата можете да видите каде стоите во споредба со други корисници од вашата држава. Инспирирајте се од другите корисници, предизвикајте се сами себе и напредувај те на ранг листата.



CHALLENGER

# КАДЕ ДА ДОБИЕТЕ ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ

Во менито во горниот лев ќош можете да најдете различни информации, како:

- Вести
- Помош
- Јазик
- Управувај со твоите податоци
- Услови за користење
- Контакт
- Одјава

Ако имате какви било проблеми или прашања, Ве молиме не двоумете се да нè контактирате на support@challenger.mk Нашиот тим ќе одговори на Вашите барања.





ЗА ПОВЕЌЕ
ИНФОРМАЦИИ,
КОНТАКТИРАЈТЕ НÈ НА:
SUPPORT@CHALLENGER.MK